**РепубликаСевернаМакедонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

# СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**ул. “Македонија“бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk**
**rr. ”Makedonija” nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk**

Бр.____________

_______________

Скопје

Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по Известувањето за утврдена фактичка состојба под бр. од 24.07.2025 година, а во врска со Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Ж.Д, судија на А.С. Б., врз основа на член 63 став 7 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (“Службен весник на РСМ” бр.102/19), на седницата одржана на ден 01.10.2025 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ЗАПИРА** постапката по Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Ж. Д, судија на А.С. Б, заведено под бр. од 13.06.2025 година, поднесено од Н.С од С. преку полномошник А. Ц., адвокат од С**.**

## О б р а з л о ж е н и е

До Судскиот совет на Република Северна Македонија, од страна на Н.С. од С преку полномошник А.Ц, адвокат од С. поднесно е Барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Ж. Д, судија на А.С. Б, заведено под бр. од 13.06.2025 година.

Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност е поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција од член 74 став 1 и 3 од Законот за судовите, за повреда сторена со намера по вина на судијата без оправдана причина со која повреда е предизвикана тешка последица. Наводите на подносителот се во насока на пристрасност на судијата при донесување на пресудата на А.С.Б ГЖ бр. и тоа во корист на тужителот-противтужениот, дека судијата не ги ценела доказите кои биле приложени, а не го применила и подзаконскиот акт на Заводот за социјални дејности Скопје од 2021 година според кој во случај кога родителите се со различно место на живеење, како што е тоа во конкретниот случај, Центрите за социјална работа се должни да соработуваат и дека при одлучувањето не зела во предвид дека на тужителот - таткото на детето му биле изречени заштитини мерки од семејно насилство. Се нагласува дека судијата при одлучувањето го

имала како доказ Одговорот на барање од 06.03.2025 година од Министерството за социјална политика, демографија и млади во кој одговор посоченото министерство го известил сега подносителот дека против поранешниот ВД директор на ЦСР Охрид е поднесена кривична пријава до ОЈО за организиран криминал и корупција Скопје, како и доказот - Известување од 31.10.2024 година од Министерството за труд и социјална политика до полномошникот на Н.С. со кое бил решен судирот на надлежности помеѓу ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа О. и ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град С., но судијата не ја почитувала одлуката на надлежниот орган и судската одлука ја донела врз основа на извештај на ненадлежн орган. Се укажува на очигледен мотив за незаконито постапување, за тенденциозно одлучување, пристрасност, како резултат на што е донесена незаконита одлука и дека во иднина од ваков судија може да се очекува носење на незаконити одлуки и предизвикување штета на граѓаните.

Судскиот совет на седница одржана на 03.07.2025 година со одлука бр. од 09.07.2025 година формира Комисија на известители по барањето за утврдување одговорност на судија, во состав: Х.З-претседател на Комисијата, А.А. и В.Д-членови на Комисијата.

Комисијата на известители на седницата одржана на 22.07.2025 година по разгледување на Барањето за одговорност на судија, прилог доказите кон истото, од изнесените наводи во барањето и описот на повредата, не донесе одлука по предметното барање согласно член 63 став 6 од Законот за Судскиот освет на РСМ, па согласно член 63 став 7 од истиот закон до Советот поднесе Известување за утврдена фактичка состојба бр. од 24.07.2025 година.

Судскиот совет на седницата одржана на 01.10.2025 година расправаше по доставеното Известување за утврдена фактичка состојба и донесе одлука за запирање на постапката од причини што барањето е нецелосно бидејќинаведена еодредба од Законот за судовите по однос на тоа кога судија се разрешува од судиска функција, но не е содржан законски назив на повредата со наведување на одредби од Законот за судовите по однос на нестручно и несовесно вршење на судиската функција, така што барањето не ги содржи сите елементи предвидени во законот, поточново член 62 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на погоре изложеното, Советот согласно член 63 став 7 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, одлучи постапката по поднесеното барање да се запре.

Одлучено во Судски совет на Република Северна Македонија на ден 01.10.2025 година.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**м-р Александар Камбовски**

**ДН:**
-подносител
-архива